**2167.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3897/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007 и 103/2008), во членот 30 став (1) точка 2 по зборот „води“ се додаваат зборовите: „и вода за наводнување на земјоделско земјиште“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TATIMIN E VLERËS SË SHTUAR

Neni 1

Në Ligjin për tatimin e vlerës së shtuar („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë’’ numër 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007 dhe 103/2008), në nenin 30 paragrafi (1) në pikën 2 pas fjalës “ujëra’’ shtohen fjalët: ”dhe ujë për ujitjen e tokës bujqësore“.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në „Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

---

**2168.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНИТЕ ФАЗА I“

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем по Проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3898/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНИТЕ ФАЗА I“

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова - КфВ од Сојузна Република Германија со заем во износ од 8.635.000 евра, наменет за реализација на проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова - КфВ .

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 на овој закон е 30 години, со вклучен грејс период од десет години.

Годишната каматна стапка е фиксна каматна стапка и истата изнесува 2%.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември секоја година, започнувајќи од 30 декември 2019 година, а завршувајќи на 30 декември 2039 година.

Член 4

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова - КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот на годишно ниво.

Провизијата од ставот 1 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.